**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**
**Палата "Емануел Чучков", ул.“Бихаќка“ бр.2, 5-ти спрат**
**http://www.sei.gov.mk/**

**Решение број ИП1 09-14**
**од 25.03.2025 година**

Државниот инспекторат за животна средина, преку Виш инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, Раководител на подрачно одделение за водостопанска инспекција – Запад, Сектор за водостопанска инспекција со канцеларија во Прилеп, изврши **<u>редовен</u>** инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје, со деловно седиште ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр.10а, 1000 Скопје, застапувано од член на одбор на директори - Главен извршен директор Филип Филиповски со ЕМБГ . Согласно член 82 од Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019, 272/24 и 22/25), со Записник број ИП1-09-14 од 19.03.2025 год. е утврдена фактичката состојба. Согласно член 230 став (2) и член 234 став (2) од Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25) и член 83 став (1) од Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019, 272/24 и 22/25), го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1) Се изрекува ОПОМЕНА** на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, носител на Дозвола бр.УП1-11/5-200/2024 од 22.10.2024 год. со која се стекнал со право за вадење песок, чакал и камен од речно корито на река Вардар на делница КО Јосифово и КО Давидово, општина Валандово, заради уредување на режимот на водите на реката, **<u>кој треба да ги отстрани утврдени неправилности и тоа</u>** :

- Основниот проект со тех. бр.26/2023 од Ноември 2023 год. изработен од ЕКО - МАР Инжинеринг ДООЕЛ Битола, да се усогласи со електронската форма и **ДА СЕ ЗАМЕНИ хартиената форма на Ситуацијата во сите примероци на проектот, со обележани почетен и краен попречен профил во Ситуацијата од делницата која ќе се уредува.**
- Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени, обележување границата на опфат од почетен до краен профил (за десната страна) со број 0801-51/3 од 25.01.2025г. изработен од ДГР “ГЕО-САТ“ДОО – Гевгелија, **ДА СЕ ДОПОЛНИ (со почетниот и крајниот профил)** со поставување на видливи табли на трасата за ПОЧЕТОК и КРАЈ на делницата која ќе се уредува и поставување на дрвени белеги на точките со кои се дефинира линијата на формирање на призматично корито, кои треба да постојат додека се извршуваат работни активности во речното корито се додека трае Дозволата и Договорот.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1) на ова решение, е **10 (десет) дена ,** по приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1) на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка за отстранување на утврдените неправилности, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта да го извести Државниот инспекторат за животна средина - Скопје.

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина, согласно член 69 од Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019, 272/24 и 22/25), преку Виш водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, спроведе редовен инспекциски надзор во АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, со деловно седиште ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр.10 а Скопје, застапуван од присутното лице Илија Темелковски, Советник за одржување и експлотација на ХМС, со овластување бр. 03 - 364 од 04.02.2025 год.
Увидот се изврши според член 230 став (1) точка 18) а во врска со член 142 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25). Согласно член 82 од Закон за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019, 272/24 и 22/25), составен е Записник број ИП1-09-14 од 19.03.2025 год. во кој е констатирана следна состојба:

Согласно член 142 став (7) од Закон за водите, Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина – Сектор за води, на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост , со деловно седиште на ул.“ 3-та Македонска Бригада “ бр.10,1000 Скопје, му има издадено Решение за издавање на Дозвола за вадење на песок, чакал и камен со број УП1-11/5-200/2024 од 22.10.2024 год. со која се стекнува со право за вадење песок,чакал и камен од речно корито на река Вардар на делница КП 702 КО Јосифово и КП 1568 КО Давидово општина Валандово, во должина од 1000 м, заради уредување на режимот на водите на реката. Временскиот период за кој е издадена дозволата е 2 години од датумот на издавање на дозволата и важи до 22.10.2026 година.

За реализирање на условите и обврските утврдени во дозволата АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост - Скопје, има склучено договор бр.10-20/2 од 17.01.2025 год. со правниот субјект Друштво за производство, услуги и трговија ДПУТ АНСА Горан ДООЕЛ Миравци, со седиште на ул.“ Гоце Делчев “ бр.18 Миравци, Гевгелија (изведувач на работите - купувач), за купопродажба на наносен материјал (песок,чакал и камен) отстранет од речно корито на р.Вардар,заради уредување на режимот на водите, во должина од 1000,00м. во количина која нема да надмине 20.686,00 м3 (согласно дозволата и димнамичкиот план). Времетраењето на Договорот е до важење на Дозволата за вадење, песок, чакал и камен бр.УП1-11/5-200/2024 од 22.10.2024г. и важи до 22.10.2026 година.

Во присуство на овластениот претставник на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост, се изврши увид во приложената документација и теренски увид на делница Јосифово и Давидово на река Вардар, со должина од 1000 м., општина Валандово, каде се изведуваат работни активности за заштита и уредување на режимот на водите на реката, со вадење на вишок наносен материјал од песок,чакал и камен од речното корито на реката.

Од спроведениот теренскиот увид и увидот во документацијата приложена од страна на овластениот претставник се утврди дека АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост - Скопје, носител на Дозвола број УП1-11/5-200/2024 од 22.10.2024 год. на увид го приложи во хартиена форма Основниот проект со тех. бр.26/2023 од Ноември 2023 год. изработен од ЕКО - МАР Инжинеринг ДООЕЛ Битола, каков што има и изведувачот на работите, кои се различни (**не се обележани почетниот и крајниот попречен профил во Ситуацијата од делницата која ќе се уредува**) од претходно доставениот Основен проект по електронски пат, од страна на овластениот претставник на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост,

СЕ достави Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени, обележување граница на опфат (само за десната страна ) со број 0801-51/3 од 25.01.2025 год, со поставување на белеги на трасата со кој се дефинира линијата на формирање на призматично корито, изработен од страна на ДГР “ГЕО-САТ“ДОО – Гевгелија, согласно попречните профили на речно корито на река Вардар со користени податоците од Геодетскиот елаботат изработен од Цивил Инжинеринг Битола со број 07-293/3 од 13.11.2023 год. и Основниот проект со тех. бр.26/2023 од Ноември 2023 год. изработен од ЕКО - МАР Инжинеринг ДООЕЛ Битола.

Согласно новата хартиена Ситуација која ќе биде составен дел од Основниот проект, да се дополни Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени, со обележување граница на опфат од почетен до краен профил (само за десната страна ) (**со почетниот и крајниот профил**) со поставување на видливи табли на трасата за ПОЧЕТОК и КРАЈ на делницата која ќе се уредува, и поставување на дрвени белеги на точките со кои се дефинира линијата на формирање на призматично корито, дадени во Основниот проект, кои треба да се одржуваат и да постојат за цело време додека се извршуваат работни активности во речното корито се додека трае Дозволата и Договорот.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение, може да се изјави жалба, согласно член 240 од Закон за води и член 84 од Закон за инспекциски надзор.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението, до Државната Комисија за одлучување во управна постапка , постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

Според член 37 од Закон за административни такси,тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата на РСМ, за жалба против решение, за тарифен број 2 се уплатува 250 денари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Решено во Државен инспекторат за животна средина, **со решение број ИП1 09-14 од 25.03.2025 година.**

**Тони Димески**
Виш водостопански инспектор
Бр.лег. 06-0015

Доставено до :
- Архива
- АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост - Скопје, ул.„3-та Македонска бригада 1“ бр. 10а ,1000 Скопје .